- да избере начин за користење на комуникациски услуги **од** фиксна телефонија и интернет со веб хостинг, согласно усвоената понуда дадена во прилогот на овој договор,
- на приговор против одлуките или активностите на носителот на набавката во врска со пристапот до или обезбедување на услугите,.
- Договорниот орган има обврска во согласност со прописи од оваа област да:
- во рокот означен на сметката да ја плати издадената фактура за месечна претплата и користење на основните и дополнителни услуги, реализираниот сообраќај утврдени со ценовникот на носителот на набавката, како и ДДВ утврден со закон, при што фактурирањето на месечната претплата за основните услуги, како и претплатата за дополнителните услуги се врши однапред за секој месец,
- непримањето на сметката, не го ослободува договорниот орган од обврската да го плати долгуваниот износ на време. Во случај на недобивање на месечната сметка да се информира во специјализираните служби за грижа за корисниците на носителот на набавката и да побара изготвување на истата,
- да ги користи комуникациските услуги исклучиво за свои сопствени потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници и да не ја користи за цели спротивни на законот, како и на условите содржани во овој договор,
- да не ги користи комуникациските капацитети, предмет на овој договор, за обезбедување јавни комуникациски услуги на трети лица, спротивно на условите содржани во законот и други правила и прописи и писмен договор со носителот на набавката,
- да го извести носителот на набавката за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој договор. За штетите настанати со непочитување на оваа обврска, носителот на набавката не презема никаква одговорност,
- да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на носителот на набавката,
- ги почитува упатствата на носителот на набавката во поглед на користењето на услугите.

## ЦЕНИ, РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Вредноста на овој договор изнесува најмногу 155 724.45 денари без ДДВ, ДДВ 28 030.40 **ВКУПНО со ДДВ 183 754.85** за период од една година.
Корисникот се обврзува плаќањето на Извршителот на набавката да го врши на следниов начин:

- Корисникот се обврзува да даде налог за плаќање кон Трезор на Република Македонија во рок од **30** дена по уредно доставена фактура во Архивата на Корисникот.
- Извршителот разбира дека Корисникот е буџетски корисник и дека финалното одобрување се врши од Трезор на Министерство за финансии.
- Во случај на спор околу плаќањето на доспеаните фактури договорните страни се согласни казнената камата на сите утужени фактури да тече од денот на пресудувањето.